Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Вработените во Министерството за правда, ги извршуваат работите професионално, ефикасно, одговорно, посветено и мотивирано, со цел исполнување на мисијата на Министерството за правда за обезбедување еднакви можности на граѓаните на Република Македонија во остварувањето и заштитата на нивните права и слободи преку постоење на ефикасен систем, во услови на владеењето на правото и правната сигурност и остварување на визијата за воспоставување ефикасен систем за остварување и заштита на човековите права и слободи.

Остварувањето на мисијата и визијата на Министерството за правда, се врши преку :

- Јакнење на ефикасноста, независноста и професионалноста на правосудниот систем со подобрување на нормативната рамка преку инплементација на меѓународните стандарди, а со цел владеење на правото, заштита на правото на граѓаните и зголемување на довербата на граѓаните.

- Создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита, како и побрз пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права, преку унапредување на нормативни претпоставки.

- Обезбедување на успешно справување со корупцијата преку зајакнување на антикорупциската правна рамка.

- Професионално, законито, одговорно и навремено постапување по барањата на граѓаните и правните лица.

- Јакнење, развивање и унапредување на човечките капацитети, нивните знаења и вештини, како најзначаен фактор за успешно функционирање на Министерството за правда во спроведувањето на реформите и исполнувањето на стратешките цели и приоритети.

- Континуирано подобрување на процесите и на системот за квалитет согласно Стандардот ИСО 9001:2008.

март 2015 година

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
d-r Adnan Jashari

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ